Бр. 21- 704
2.7.2013 год.
Скопје

Стручниот совет за докторски студии на Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на 47.седница одржана на 2.7.2013 година, ги донесе следните

**З а к л у ч о ц и**

Согласно член 6 став 3 алинеја 3 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Стручниот совет за докторски студии се грижи за обезбедување на квалитетот на докторските студии, на 47.седница се донесе Студентска анкета за трет циклус докторски студии. Врз основа на оваа точка, Стручниот совет за докторски студии, заклучи:

**1.** Се воведува студентска анкета, која има цел развивање и одржување на квалитетот на докторските студии при Школата за докторски студии;
**2.** При пополнување и доставување на студентската анкета, ќе се почитува начелото на анонимност;
**3.** Студентската анкета, студентот на докторски студии ја доставува, превиткана, во коверт до стручната служба за трет циклус на соодветната студиската програма, со назнака за Школата за докторски студии;
**4.** Стручната служба на студиската програма ги доставува ковертите до Школата во заедничко плико, на кое ќе стои само името на единицата и називот на студиската програма што ги испраќа;
**5.** Студентската анкета, студентот на докторски студии може да ја достави и директно до Школата за докторски студии, почитувајќи го начелото на анонимност;
**6.** Студентската анкета задолжително се спроведува при уписот на нареден семестар, и по потреба во текот на семестарот;
**7.** Студентската анкета е дадена во прилог на овој заклучок.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СТРУЧНИОТ СОВЕТ ЗА ДОКТОРСКИ СТУДИИ**

**проф. д-р Влатко Стоилков**